Бр. 12-2148/2
27.09.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19),постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител- --------------------------------- на 01.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 22-та седница одржана на 17 септември 2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата –известување со достава на списи поднесено од подносителот --------------------------- на ден 01.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2148/1 од 01.04.2019 година, во која се известува Државната комисија за спречување на корупцијата дека во врска со барањата од Основното јавно обвинителство ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------, од страна на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура биле извршени вонредни инспекциски надзори, изготвени се записници и изречени се прекршочни казни - глоби за сторителите на прекршоците. Ова известување е доставено како материјал од информативен карактер.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2148/1 од 01.04.2019 година, тоа што со доставеното известување само се известува Државната комисија по однос на тоа дека во врска со посочените кривични пријави и барања од ОЈО, другите надлежни институции - Министерството за култура- Секторот за управен и инспекциски надзор постапил во согласност со позитивните законски прописи и ги презел сите расположливи мерки и активности во насока на санкционирање на сторителите на прекршувањата.

Предметот со број 12-2148/1 од 01.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2148/1 од 01.04.2019 година е оформен врз основа на пријавата – известување со достава на списи поднесено од подносителот - ------------------------------------------.

Со доставеното известување/пријава се известува Државната комисија за спречување на корупцијата дека во врска со барањата од Основното јавно обвинителство ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------од страна на инспекторите за култура при Секторот за управен инспекциски надзор на Министерството за култура биле извршени вонредни инспекциски надзори, изготвени се записници и изречени се прекршочни казни- глоби за сторителите на прекршоците. Ова известување е доставено како материјал од информативен карактер.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба прикажана во доставеното известување, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека доставеното известување со списите во прилог е материјал од информативен карактер за Државната комисија од каде се утврдува дека по однос на посочените кривични пријави и барања од ОЈО, другите надлежни институции постапиле во согласност со позитивните законски прописи и ги презеле сите расположливи мерки и активности во насока на санкционирање на сторителите на прекршувањата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 17 септември 2019 година по број 12-2148/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk